**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 149.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 26.05.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,149.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 148.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

3. Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.

4. Разно.

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 148.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 148.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 148.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 148.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информации по заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац констатира пред присутните членови дека нема пристигнато никаква повратна Информација по задолженија од Заклучоците кои навремено беа доставени до Директорот на МРТ, а беа усвоени на предходните седници на Програмскиот совет на МРТ, и токму поради тоа не се одржа расправа по оваа точка.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација по преглед за евидентирани фактури во делот на програмски права.**
И по оваа точка беше констатирано дека нема пристигнато никаква повратна Информација по бараниот Заклучок од предходната седница на Програмскиот совет на МРТ, и поради тоа не се одржа расправа и по оваа точка.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледана пристигната Одлука за откуп на програма од Здружение „Балкански институт за регионална соработка“ БИРС за реализација на проект „Balkan view-Заеднички поглед кон Европа“ (15 епизоди на албански јазик во времетраење од 40-45 минути).
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац запраша до каде е постапката со Барањето на Заменик директорот Арун Ибраими за заминување во пензија, и побара за наредна седница доколку има материјали од Одделението за човечки ресурси во МРТ да бидат доставени за разгледување.
Членот Анита Латифи побара Информација кој беше во жирито од страна на МРТ и како се одвивало гласањето кај нас по однос на овогодинешниот Евросонг.
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија посочи дека во последно време во МРТ се покренуваат дисциплински постапки против новинари, без притоа да бидат разгледувани пред Етичката комисија согласно одредбите од Етичкиот кодекс на МРТ.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател